Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-516/4
04.09 2024 год.
СКОПЈЕ

**Проф. д-р Билјана Камчевска,**

декан на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ
# „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - СКОПЈЕ
**за периодот 24 јуни 2023 - 24 јуни 2024**

Извештајот се однесува на реализираните активности во текот на првата година од мандатот на деканот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Билјана Камчевска, избрана за мандатниот период 2023-2026 година. Во рамките на овој Извештај дадени се информации за превземените активности и постигнатите резултати во најважните области од работењето на Факултетот како што се тековното работење, наставниот процес, апликативната дејност научно истражувачката работа, финансирањето и активностите на студентите.

## ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ

Еден од главните императиви во првата година од мандатот на деканот беше да се креира **позитивно работно опкружување** и да се обезбеди креативна и стимулативна средина за учење. За таа цел се пристапи кон реорганизација и доопремување на просторот во холот, внатрешниот атриум и првиот кат на факултетот со соодветна опрема и мебел во современ стил што овозможува комбинација на непречено извршување на работните и студентските обврски, како и можност за ефикасно искористување на времето за паузи. Во насока на подобрување на уловите за работа реализирани се одредени реконструкциски зафати (реновирање на простории, молерски интервенции, затемнување на простории и др.). Обезбедена е и донација од KIBS Trust за што сме посебно благодарни со што се обезбедени 40 компјутери, 3 печатари и 2 скенери за потребите на вработените на факултетот.

Исто така во текот на извештајниот период Факултетот реализираше одредени динамични активности поврзани со носење на нови правилници или измени и дополнување на постојните заради поедноставно и поефикасно извршување на наставните, научно-истражувачките и административните активности. Изготвените акти се донесоа на органите на факултетот: ННС и Деканатската управа. Сумирано, во текот на оваа година се одржаа

11 седници на Наставно - научниот совет на Факултетот и 21 седница на Деканатската управа. Во продолжение се претставени позначајните активности.

- спроведени се постапки со непосредно и тајно гласање за избор на: продекани на Факултетот, раководители на Институтите за Одделенска настава и за Библиотекарство како и на членови на Комисијата за самоевалуација. За продекани на Факултетот се избрани: проф. д-р Лулзим Алиу - продекан за настава, проф.д-р Розалина Попова Коскарова - продекан за наука и проф. д-р Весна Хорватовиќ - продекан за финансии. За раководител на Институтот за одделенска настава е избрана проф. д-р Марита Петрова, а за раководител на Институтот за библиотекарство, проф. д-р Анита Штерјоска Митреска.
- донесени се одлуки: за формирање на Главна комисија за спроведување на Конкурсот за упис на нови студенти во учебната 2023/2024 год., за давање согласност на наши професори за вршење високообразовна дејност на други факултети во рамките на нашиот универзитет, за усвојување на рецензии за учебници и нивно објавување, за покриеност на наставата, за формирање на комисии за спроведување на испити, за режим на студирање на студенти со претходно завршено високо или вишо образование, за изгубен статус на студент или испишани од овој факултет, за продолжување на договори за вработување на д-р Аднан Ќахил, д-р Марјан Малцев, д-р Татјана Котева Мојсовска и д-р Сузана Котовчевска и за усвојување на завршната сметка;
- извршен е избор во наставно научни звања: доцент на д-р Зорица Станковска, вонреден професор на д-р Весна Хорватовиќ и д-р Мујесер Илјази и редовен професор на д-р Хулија Скука, како и избор во соработничко звање асистент на м-р Билјана Весковска и м-р Алије Алими, а не е извршен избор за асистент по предмети од областа на педагогија и дидактика, на албански наставен јазик, затоа што единствениот пријавен кандидат имаше негативен извештај од Рецензентската комисија;
- донесени се одлуки за објавување на Конкурс за избор на тројца асистенти и дополнително, повторна одлука за распишување на конкурс за избор на само еден асистент, бидејќи на првиот Конкурс немаше пријавени кандидати;
- одлуки за формирање на рецензентски комисии,
- донесени се и одлуки за втор циклус на студии: за прифаќање на пријавена тема и објава во билтен, за оценка на изготвен магистерски труд и за формирање на комисија за одбрана на истиот и за пролонгирање на рокот за завршување со втор циклус на студии;
- донесени се одлуки за трет циклус на студии за формирање на комисии за оценка на докторскиот труд за докторандите Бесјана Реџепи, Хабиб Реџепи и Тулај Чако и за одбрана за студентот Бесјана Реџепи.

На седниците се разгледувани и прашања врзани со организирање и реализација на научни конференции и конгреси, интерни научно истражувачки проекти финансирани од Факултетот, меѓународни проекти, меѓународна соработка и склучени меморандуми за соработка, за издавање на заостанатите броеви 2/2021 и 1 и 2/2022 година од списанието Педагошка ревија, за распоредите за настава и вежби и за испитни сесии, за упис на семестрите и нивна заверка, како и за одлуките за плата, за колективниот договор на нашиот универзитет, за правото на годишен регрес и неговото лимитирање од ресорното министерство, иако се однесува на средствата од сопствената сметка за исплата, за

донацијата на компјутери од КИБС и добиените средства за реновирање на просторијата на службата за студентски прашања, околу ентериерно доуредување на Факултетот и неговите ходници и просториите, како и за активности за одбележување на патронот празник, презентацијата на Факултетот во средните училишта низ државата, за отворениот ден на нашиот универзитет, за нови студиски програми, активирање на центрите за професионален развој и слично.

На седници на советот е дискутирано за износите за студирање на сите три циклуса, решавани се молби од студенти, како и при изборот на еден од асистентите разгледувани се и вложените приговори и одговори на приговорите од рецензентската комисија.

Деканатската управа како орган на управување на Факултетот на своите седници исто така расправаше за повеќе актуелни прашања за работата на Факултетот, како што се изработка на нова, модерно дизајнирана и функционална ВЕБ страна на Факултетот, за конкурсот за упис на нови студенти во учебната 2023/2024 год., за постојните и нови студиски програми на сите три циклуси и цената на чинење на постојните и промена на дадениот износ согласно сугестијата од нашиот универзитет, за активирање на Центрите со цел да се зголеми активноста на Факултетот, за распоредите за предавања и вежби и за испитните сесии, за покриеност на наставата, за режимот на студирање, за заверка и упис на семестрите и слично. На седници на Управата дискутирано е и носени се одлуки за Регистарот за недвижен имот, сите акти доставени на усвојување до Наставно научниот соовет, истакнати погоре во рамките на неговите ингеренции, за надворешно ангажираните лица со договор за дело, за меѓународната соработка и склучени меморандуми за соработка, за организација и реализација на меѓународи конференции и конгреси, меѓународни проекти и за научно истражувачки проекти финансирани од Факултетот за 2023 и 2024 година, како и за списанието Педагошка ревија, за разубавување и освежување на ентериерот на Факултетот и неговите простории и ходниците, вклучително и тековни одлуки за јавни набавки.

Од општите акти усвоени се: **Правилник за заштита од пожари и експлозии за 2023; Годишен план за вработување на ненаставен кадар за 2024 година, како и Предлог годишен план за вработување на ненаставен кадар за 2025 година; Планот за јавни набавки за 2024 година; Протоколот за јавни набавки; Протоколот за начинот на спроведување на постапката и вршење на исплатата на ангажираните лица со договор за дело, по Законот за трансформација во редовен работен однос; Протоколот за начинот на спроведување на постапката и начинот на исплата за Педагошка доквалификација и Одлука за негова измена; Протоколот за начинот на спроведување на постапката и начинот за исплата по разни основи за прв циклус на студии. Во постапка се и изготвувањето на Протоколите за втор и трет циклус на кои интензивно се работи, како и за активирање на Центарот за доживотно перманентно учење**, како почетна иницијатива за целосно ставање во функција на предвидените центри по нашиот Статут.

Исто така на барање на нашиот универзитет изготвен е Регистар на недвижен имот, пополнет е Прашалник од комисијата за спречување и заштита од дискриминација во врска со студенти со попреченост и доставени се пополнети табеларни прегледи за дејноста на Факултетот за 2023/2024 година до ресорното министерство и за правична застапеност за 2024 година со состојба од 2023година до Народниот правобранител.

Дискутирано е и за изборите на Факултетското студентско собрание, за отстапување на простории со соодветен паричен надоместок на Мировниот корпус и на Атлета Шах мат од

Скопје, за држење на обуки и семинари, како и на амфитеатарот за колегите од ФИНКИ, со компензирање на начин што ќе се реновира студентскиот тоалет на приземјето и ќе се опреми со компјутери читалната, во наредниот двогодишен период. Разгледувана е можноста за добивање донација од КИБС во електронска опрема и истата е реализирана, за реновирање на просторијата на службата за студентски прашања, за активности за нашиот патронен празник, кампања за привлекување на студенти, за активирање на наше претставување на социјалните мрежи, за активности и нивна реализација за брисеви на наставниот кадар, систематски преглед за сите вработени, за дезинсекција, дезинфекција и дератизација на Факултетот и слично.

Голем дел од работата на Управата е посветен и на процесот на самоевалуација, како и на активности за нови студиски програми од прв, втор и трет циклус и одредени курсеви и обуки, за фискултурната сала и нејзино ставање во понатамошна постапка за првичната или друга намена, како и за постигнување договор со другите два факултети, корисници на левото крило од објектот, врзано со осигурувањето, паркинг просторот, електронската рампа и картиците, како и за користењето на водата и слично.

Од страна на Управата носени се и одлуки за наградување на најдобрите студенти, решавани се молби од студенти и одредени барања по тој основ од службата за студентски прашања и други вработени во Стручната служба.

Преземени се и активности околу реализацијата на издавачката дејност, педагошкиот стаж, педагошката доквалификација, хоспитациите, пописот за 2023 година, за одредени исплати на вработените, за исплата на регресот за годишен одмор, околу одлуката за плати и решенијата за плати, за обезбедувања согласности за нови вработувања и кај наставниот и кај ненаставниот кадар, како и многу други работи од секојдневното работење на Факултетот и реализацијата на неговата основна дејност.

**Промотивни активности за упис на нови студенти**

Последните години се судруваме со проблем на сè помала заинтересираност за упис на студенти на нашиот Факултет. Проблемот е повеќеаспектен и за него секако дека е виновна се почестата миграција на младите од земјата, но и ние како Факултет треба да ја прифатиме одговорноста. Секој студент е вредност за нас. Затоа и се залагаме за секој студент. Во таа насока ургентно се заложуваме да се искористат сите можности за промовирање на студиските програми кои ги нуди Факултетот: **засилување на стратегиски маркетинг со користење на социјалните мрежи кои младите најмногу ги користат како главен извор на информации, изработка на рекламни материјали, унапредување и модернизирање на веб-страната на Факултетот и навремено постирање на сите значајни информации. Сите промотивни активности се организирани и реализирани** со цел да се постигне повисоко ниво на мотивираност за упис на Педагошкиот факултет. Во делот на афирмативните активности на Факултетот, покрај учеството на манифестацијата Отворен ден на УКИМ, беа реализирани 24 промотивни презентации пред матурантите од повеќе средни училишта од различни региони од државата.

**Реализирани презентации со матуранти во средните училишта во Македонија**

| Р. бр. | град | средно училиште |
|---|---|---|
| 1. | Скопје | СУГС Гимназија „Никола Карев" |
| 2. | Скопје | СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку" |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Скопје | СУГС „Кочо Рацин" |
| 4. | Скопје | СУГС „Георги Димитров" |
| 5. | Скопје | СМУГС „Д-р Панче Караѓозов" |
| 6. | Скопје | СЕПУГС „Васил Антевски Дрен" |
| 7. | Скопје | СУГС „Цветан Димов" |
| 8. | Скопје | СУГС „Марија Кири Склодовска" |
| 9. | Скопје | СГГУГС „Здравко Цветковски" |
| 10. | Скопје | СУГС „Шаип Јусуф" |
| 11. | Велес | СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 12. | Велес | ССОУ „Димитрија Чуповски" |
| 13. | Куманово | СУГС Гимназија „Гоце Делчев" |
| 14. | Кавадарци | СОУ Гимназија„Добри Даскалов" |
| 15. | Берово | ОСУ „Ацо Русковски" |
| 16. | Охрид | ОСУ „Св.Климент Охридски" |
| 17. | Охрид | СОСУ „Св.Кирил и Методиј" |
| 18. | Охрид | ОУТУ „Ванчо Питошески" |
| 19. | Струга | СОУ „Нико Нестор" |
| 20. | Струга | СОУ Гимназија „Д-р Ибрахим Темо" |
| 21. | Струмица | Гимназија |
| 22. | Гевгелија | СОУ „Јосиф Јосифовски" |
| 23. | Македонска Каменица | СОУ „Миле Јаневски Џингар" |
| 24. | Кавадарци | СОУ „Киро Спанџов Брко" |
| 25. | Кратово | СОУ „Митко Пенџуклиски" |
| | | |

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност е една е една од трите основни дејности на факултетот и темел на неговата целокупна работа. Оваа академска година наставата и испитните сесии успешно се реализираа со голема посветеност на наставниот и соработничкиот кадар. Административниот кадар овозможи секојдневна достапност на административните услуги и непречено остварување на студентските права.

На Конурсот за упис на студенти на прв циклус студии за студиската 2023/2024 година што беше реализиран во три уписни рока, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје беа запишани вкупно 182 студенти. Од нив, на групата за Одделенска настава на трите наставни јазици се запишаа вкупно 130 студенти; на групата за Предучилишно воспитание 47 студенти, а на групата за Библиотекарство со настава на македонски наставен јазик се запишаа вкупно 5 студенти. Подготовките и уписите на идните студенти во трите уписни рока беа реализирани од страна на Комисијата која беше формирана од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Број на запишани студенти во прва година на прв циклус студии во студиската 2023 / 2024 година**

| ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **НАСТАВЕН ЈАЗИК** | **државна квота** | **приватна квота** | **вонредни** | **специјални услови** | **Завршен факултет или** | **ВКУПНО** |

| | | | | | виш̀о образование | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| македонски | 19 | / | 7 | 1 | 3 | 30 |
| албански | 31 | 28 | 10 | / | 12 | 81 |
| турски | 18 | / | 1 | / | / | 19 |
| **Вкупно:** | **68** | **28** | **18** | **1** | **15** | **130** |
| | | | **ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ** | | | |
| македонски | 15 | / | 5 | 1 | 6 | 27 |
| албански | 16 | / | 4 | / | / | 20 |
| турски | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **31** | **/** | **9** | **1** | **6** | **47** |
| | | | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | |
| македонски | 1 | / | 3 | 1 | / | 5 |
| **Вкупно:** | **1** | **/** | **3** | **1** | **/** | **5** |
| **ВКУПНО** | **100** | **28** | **30** | **3** | **21** | **183** |

**Преглед на активни студиски програми на прв циклус студии**

| | Студиски програми | Решение за акредитација | Решение за почеток со работа | Времетраење на акредитацијата | Рок за почеток на нов елаборат |
|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенска настава | 08-1127/7 од 5. 4. 2023 | 08-791/4 од 27. 4. 2023 | 5 години од 2023/2024 до 2027/2028 | од 1. 10.0 2027 |
| | Предучилишно воспитание | 08-1128/7 од 5. 4. 2023 | 08-792/4 од 27. 4. 2023 | 5 години Од 2023/2024 до 2027/2028 | од 1. 10.0 2027 |
| | Библиотекарство | 08-1129/6 од 5. 4. 2023 | 08-793/4 од 27. 4. 2023 | 5 години од 2023/2024 до 2027/2028 | од 1. 10.0 2027 |

**Апликативна дејност**

Со соодветни решенија и стратегии се залагаме и за поквалитетно организирање на целокупната практична настава на студентите како главен атрибут во стекнувањето и јакнењето на нивните професионални вештини. Во контекст на јасно дефинирање и успешна реализација на професионалната пракса на студентите (педагошка практика, методски хоспитации, педагошки стаж) беа потпишани меморандуми за соработка со повеќе основни училишта и преучилишни установи.

*Потпишани меморандуми за соработка со 15 основни училишта, 7 предучилишни установи и 1 ресурсен центар.*

| **МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА** | |
|---|---|
| ***ПАРТНЕРСКИ – УЧИЛИШТА*** | ***МОДЕЛ – ГРАДИНКИ*** |
| | |

| | |
|---|---|
| ООУ „Јан Амос Коменски" – Скопје; | ЈОУДГ „Мајски цвет" – Скопје; |
| ООУ„ Христијан Тодоровски Карпош" – Скопје | ЈОУДГ „Орце Николов" – Скопје; |
| ООУ„ Вера Циривири Трена" – Скопје; | ЈОУДГ „Фидани" – Скопје; |
| ООУ „Братство" – Скопје; | ЈОУДГ „11 Октомври" – Скопје; |
| ООУ „Владо Тасевски" – Скопје; | „ПУДДГ ИПС ГРУП" – Скопје; |
| ООУ „Војдан Чернодрински" – Скопје; | „ПУДДГ ИПС ГРУП" – Скопје; |
| ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" – Скопје; | ЈОУ „Рада Попева" – Кавадарци. |
| ООУ„ Имри Елези" – Скопје; | |
| ООУ „Лазо Трповски" – Скопје; | |
| ООУ „Петар Поп Арсов" – Скопје; | |
| ООУ„ Стив Наумов" – Скопје; | |
| ООУ „Тефејјуз" – Скопје; | |
| ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" – Скопје | |
| ООУ„25 Мај"– Скопје; | |
| ООУ„ 11 Октомври" – Скопје; | |
| ООУ„ Лазо Ангеловски" – Скопје. | |

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Во постапка со непосредно и тајно гласање за членови на **Комисијата за самоевалуација** избрани се: проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, проф. д-р Билјана Глигорова, проф. д-р Љулзим Адеми, проф. д-р Елизабета Бандиловска, проф. д-р Бурхан Ахмети и студентите: Ангела Фичуровска и Дрита Амети.

Комисијата ги спроведе сите потребни активности и со голема посветеност и максимална професионална ангажираност го изготви **Извештај за самоевалуација**. Извештајот по усвојување од страна на ННС се достави до Одборот за евалуација-Агенција за квалитет во високото образование на понатамошно постапување. За потребите на Извештајот покрај другите активности се изврши и анкетирање на студентите и сите активни студенти ги пополнија анкетите.

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесена е одлука за именување на членови во **Советот за квалитет** и утврдување на член од редот на студентите. За членови на Советот за квалитет именувани се: проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Јасмина Јовановска и проф. д-р Анита Штерјоска митреска како наставници од овој факултет, Надица Гировска како претставник од стопанството (директор на јавна предучилишна установа- детска градинка) и Лидија Диоска од редот на студентите. Веднаш по усвојување на Извештајот од Комисијата за самоевалуација Советот за квалитет отпочна со активности за изготвување на Годишен акциски план за 2024 година.

## ПЕДАГОШКА ДОКВАЛИФИКАЦИЈА

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје како акредитирана институција со решение бр. 14-7950/3 од 13.07.2021 година издадена од министерот за образование и наука за вршење на настава и полагање на испити за стекнување на педагошко - психолошка и методска подготовка за кандидати од ненаставнички факултети. Наставата се одвива на 3 наставни јазици: македонски, албански и турски наставен јазик и до сега значителен број на кандидати успешно ја завршија студиската програма. И во оваа учебна година интересот за запишување на студиската програма за стекнување педагошко психолошка и методска подготовка - педагошка доквалификација од страна на кандидатите кои не се од наставна насока е голем што укажува на квалитетно реализирање на сите активности поврзани со оваа студиска програма.

*Запишани студенти на педагошка доквалификација*

| Студиска програма | Бр. на студенти зимски семестар, 2023/24 | Бр. на студенти летен семестар, 2023/24 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Педагошка доквалификација | 48 | 34 | 82 |

## НАУКА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Втор и трет циклус на студии

#### Преглед на активни студиски програми на втор циклус студии

| | Студиски програми | Решение за акредитација | Решение за почеток со работа | Времетраење на акредитацијата | Рок за почеток на нов елаборат |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Одделенска настава | 08-1255/7 од 30.1.2024 | / | 5 години од 2023/2024 до 2027/2028 | 1.10.2027 |
| 2. | Предучилишно воспитание | 08-1254/7 од 30.1.2024 | / | 5 години од 2023/2024 до 2027/2028 | 1.10.2027 |
| 3. | Библиотекарство | 08-291/6 од 9. 11. 2021 | 08-1145/4 од 22.12. 2021 | 5 години од 2021/2022 до 2025/2026 | 1.10.2025 |

И покрај многубројните интервенции се уште не ги немаме добиено Решенијата за почеток со работа за студиските програми одделенска настава и предучилишно воспитание на втор циклус на студии.

#### Број на запишани студенти 2023/2024 по студиска програма

| | Студиска програма | Бр. на студенти 2023/2024 прв уписен рок | Бр. на студенти 2023/2024 втор уписен рок | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одделенска настава | / | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Предучилишно воспитание | / | | |
| 3. | Библиотекарство | 2 | | 2 |

| | |
|---|---|
| Активни студенти на втор циклус на студии | 73 |

**Преглед на активни студиски програми на трет циклус студии**

| | Студиски програми | Решение за акредитација | Решение за почеток со работа | Времетраење на акредитацијата | Рок за почеток на нов елаборат |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Образование на наставници (за примарно образование) | 08-292/7 од 17. 9. 2021 | 40-12533/1 од 21.12. 2021 | 5 години од 2021/2022 до 2025/2026 | 1.10.2025 |
| 2. | Рано детско воспитание и образование | 08-293/7 од 17.9.2021 | 40-12874/1 од 21.12.2021 | 5 години од 2021/2022 до 2025/2026 | 1.10.2025 |

**Број на запишани студенти 2023/2024 по студиска програма на трет циклус на студии**

| | Студиска програма | Бр. на студенти 2023/2024 прв уписен рок | Бр. на студенти 2023/2024 втор уписен рок | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Образование на наставници (за примарно образование) | 3 | 5 | 8 |
| 2. | Рано детско воспитание и образование | / | / | / |

| | |
|---|---|
| Активни студенти на трет циклус на студии | 23 |

**Научно-истражувачка работа и научно- истражувачки проекти**

Наставниот кадар на Факултетот во тековниот мандатен период објавил повеќе од 40 научно-истражувачки трудови во научни списанија и публикации во земјата и во странство. Притоа, во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку 1 електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет) се објавени 8 труда, а 35 труда се објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и коишто имаат меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.

Во текот на 2023 и 2024 година продолжи соработката со Бирото за развој на образованието во делот на усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и

стручни соработници) во основните училишта во Република Северна Македонија. Во овој дел бележиме низа реализирани обуки во основни училишта во различни региони од земјата на тема: *Настава насочена кон резултати од учење од повисоко ниво (Методски пристапи за стекнување функционални знаења).*

Исто така, соработката на Педагошкиот факултетот „Св. Климент Охридски"Скопје со невладината организација Центар за балканска соработка „LOJA"-Тетово, на полето на разрешување конфликти продолжи и во учебната 2022/2023 год., со повеќе активности кои ги реализираме заедно. Тука би ги навеле обуките со студентите кои се реализираа во Охрид и Виена во кои нашите студенти посебно се истакнаа. Во Ноември се организираше студиски престој на професорите и деканите на факултетите партнери во Варшава, Полска. Во текот на престојот беа реализирани работни средби и посети на факултети, училишта и невладини организации.

Како факултет кој едуцира идни одделенски наставници, Педагошкиот факултет е вклучен и во реализација на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби", спроведуван од здружението на граѓани„ Отворете ги прозорците" а поддржан од Детската фондација Песталоци. Вклучените професори превземаа активности насочени кон ревидирање на своите предметни програми заради зголемување на киомпетенциите на идните наставници за работа со деца со различни образовни потреби.

Во насока на унапредување на истражувачките капацитети на наставно-научниот кадар и во овој извештаен период факултетот ја продолжи традицијата на финансирање на научно-истражувачки проекти од сопствени средства. Започнатите 11 интерни проекти во 2023 год. успешно се финализираа. За 2024 год. се потпишаа договори за финансирање на 15 нови научно-истражувачки проекти:

1.Концептот на проектно учење во функција на унапредување на наставата на Педагошкиот факултет, главен истражувач: проф.д-р Билјана Камчевска;

2. Справување со дисциплинските проблеми во одделението, главен истражувач: проф. д-р Розалина Попова-Коскарова;

3. Концептуализација и третман на детето како конструктор на сопствениот развој - состојби и перспективи, главен истражувач: проф.д-р Татјана Котева –Мојсовска;

4. Особеностите на универзитетските професори низ призмата на перцепциите на студентите, главен истражувач: проф.д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска;

5. Развивањето на ИБ профилот на ученик преку пристапите во поучувањето и учењето според ИБ програмите, главен истражувач: проф.д-р Весна Хорватовиќ;

6. Функционална математичка писменост во почетната настава по математика, главен истражувач: проф.д-р Весна Макашевска;

7. Поставувањето и улогата на образовните цели за одржлив развој во иницијалното образование на наставници, главен истражувач: проф.д-р Флорина Шеху;

8. Стандардите за оценување и траекториите на учење и поучување математика во одделенската настава, главен истражувач: проф.д-р Слаѓана Јакимовиќ;

9. Имплементација на современите таксономии на едукациски цели во наставата од областа на Методика на ликовно образование / воспитание, главен истражувач: проф.д-р Маја Рауник Кирков;

10. Оценување на читањето со разбирање во одделенската настава, главен истражувач: проф.д-р Анита Штерјоска Митреска;

11. Агресивноста, кооперативноста и играњето на видеоигри со насилна содржина кај ученици во основно образование, главен истражувач: проф.д-р Зоран Михајловски;

12. Детерминирање на процесот на стабилизација на библиотечното работење и функционирање на библиотеките во општините на град Скопје во првата пост-ковид година, главен истражувач: проф.д-р Сузана Котовчевска;

13. Употребата на деривативните и инфлексивните наставки во прозните дела на турските писатели во Македонија, главен истражувач: проф.д-р Хулија Скука;

14. Претставувањето на наставничките факултети на онлајн просторот, главен истражувач: проф. д-р Јасмина Јовановска;

15. Утврдување на телесната маса и одредени моторички димензии кај учениците од 2-ро одделение од Скопје, главен истражувач: доц.д-р Зорица Станковска.

**Меѓународна соработка**

Во текот на извештајниот период период посветено се работеше на унапредување на **меѓународната соработка** врз основа на верификувани научни и стручни резултати и наставни искуства. Тоа резултираше со потпишување на неколку билатерални договори, како и договори за размена на студенти и наставен кадар преку Еразмус + програмата, а кои беа верификувани преку платформата EWP(Erasmus without Paper).

- Во ноември 2023год. беше потпишан Билатерален договор за соработка со ООУ „Хинко Смрекар"- од Љубљана, Р.Словенија, а нивна делагција на чело со директорот на училиштето м-р Игорчо Ангелов го посети нашиот факултет.
- Во декември 2023 год. беше потпишан Договор за билатерална соработка со Универзитетот Fatih Sultan Mehmet Vakif University од Истанбул, Р.Турција, со потпишан договор за Еразмус + ( размена на студенти и наставен кадар), а веќе е договорен и студиски престој на наставници од гореспомантиот универзитет.
- Во февруари 2024 год. беше потпишан договор за билатерална соработка со Факултетот за образовање наставника и васпитача од Белград, а нивна делегација на чело со деканот проф.д-р Петар Мандиќ беше во посета на нашиот факултет.
- Во јуни, 2024 год. беше потпишан договор за билатерална соработка и ЕРАЗМУС + преку EWP со Академијата за струкових студија на Јужна Србија, а нивна делегација

на чело со претседателот на Академијата проф. д-р Предраг Стојковиќ беше во посета на нашиот факултет.

Покрај овие нови договори за билатрална соработка беше обновен и договорот со Педагошкиот факултет во Љубљана, преку EWP платформата.

**Научно списание**

Пандемијата со covid 19 во голема мера влијаеше на подготовката и издавањето на научното списание **Педагошка ревија** кое Факултетот го издава од 2010 год. За да нема прекин во континуитетот на издавањето и да не се наруши квалитетот на списанието, во изминатиов едногодишен период Деканатската управа вложи максимални напори да ги подготви сите заостанати пет броеви, од кои три се отпечатија, а останатите се во фаза на печатење.

| Списание | ISSN | Број на трудови |
|---|---|---|
| Педагошка ревија бр. 2/2021 | 2545-4307 електронско издание<br>1857-7105 печатено издание | 6 |
| Педагошка ревија бр. 1/2022 | 2545-4307 електронско издание<br>1857-7105 печатено издание | 6 |
| Педагошка ревија бр. 2/2022 | 2545-4307 електронско издание<br>1857-7105 печатено издание | 7 |
| Педагошка ревија бр 1/2023 | 2545-4307 електронско издание<br>1857-7105 печатено издание | 6 |
| Педагошка ревија бр. 2/2023 | 2545-4307 електронско издание<br>1857-7105 печатено издание | 7 |

Со цел унапредување на квалитетот на списанието, Уредувачкиот одбор подготви и нов образец за рецензија, а се дополни и Упатството за авторите со потребни податоци кои даваат поголема прегледност на авторите трудот да го подготват поквалитетно. Исто така, Редакцискиот одбор по долгогодишна пауза, беше успешно активиран и работеше на распределбата на трудовите според рубриките на списанието.

Сите споменати изданија на Педагошка ревија имаат нов дизајн на корица.

**Научна конференција**

По повод 8-ми Декември, патрониот празник на нашиот факултет, денот на Св.Климент Охридски, на 7.12.2023 г. во големата сала во Ректоратот беше одржана научна конференција на тема**: Наставничката професија во контекстот на образовни и општествени промени.** Голема беше честа конференцијата да ја отвори ректорката проф. д-р Билјана Ангелова, а потоа со пригодна реч се обратија министерот проф. д-р Јетон Шаќири и деканката на Педагошкиот факултет проф. д-р Билјана Камчевска. Конференцијата ја проследија голем број на наставници, претставници од МОН, БРО, ДИЦ, МЦГО, како и професори од Педагошките факултети во Штип, Битола и Тетово, професори од Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, од Природно-математичкиот факултет и др.

Конференцијата беше организирана во 4 тематски области:

1.Угледот и статусот на наставникот

2. Наставничката професија пред предизвиците на современата настава

3. Квалитетот на иницијалното образование

4. Соработката помеѓу владиниот и невладиниот сектор во функција на унапредување на квалитетот на образованието

На научно-стручната расправа земаа учество: наставници, универзитетски професори, како и претставници од сите релевантни институции од областа на образованието во нашата земја.

Модератор на дебатата беше проф.д-р Розалина Попова-Коскарова, продекан за наука на Педагошкиот факутет - Скопје

**Одбележување на светскиот ден на учителот**

По повод одбележувањето на 5. Октомври - светскиот ден на учителот, Педагошкиот факултет во соработка со ЈУ. Детски културен центар – Карпош беше организатор и домаќин на мултикултурни работилници со ученици од прво до петто одделение од основните училишта во градот Скопје.
Работилниците се реализираа на три јазици (македонски, албански и турски), а ги водеа дипломирани студенти од Педагошкиот факултет, сегашни наставници, како и стручни едукатори од ДКЦ Карпош.
Поттикнувањето на критичкото мислење и актуализацијата на животните вредности беше дел од интерактивните активностите во рамките на неколку подрачја:

- Креативно пишување
- Експерименти од природните науки
- Математичка работилница
- Сликање и творење
- Музичка работилница и
- Детска филозофија.

**Педагошкиот факултет - коорганизатор на неколку конгреси/научни собири/ конференции**

Педагошкиот факултет во изминатиов едногодишен период беше коорганизатор на неколку научни конференции и собири во кои земаа учество и наши професори:

- Коорганизатор на конференцијата: *Art (Of) Education in a Changing World* што се одржа во просториите на Учителскиот факултет во Белград на 1-2 јуни 2024 година, каде како претставник од факултетот учествуваше продеканката за наука проф.д-р Розалина Попова-Коскарова.
- Коорганизатор на научната конференцијата FIEPS ( *Physical Education, Sport and Health)* која во организација на Факултетот за физичка култура и Светската асоцијација на наставници по физичко образование се одржа во Охрид, во периодот од 30 мај до 2 јуни, каде со свои трудови учествуваа неколку наши професори.
- Како резултат на обновената соработка со Педагошкиот факултет во Ст. Загора, коорганизатори сме на XV Балкански конгрес кој на тема: *Research and Educational Perspectives in the conditions of Digital Transformation* ќе се одржи во познатото одмаралиште, Сончев Брег во Бугарија, од 4-6 октомври, 2024г.

- Коорганизатор на семинар со д-р Ранко Рајовиќ и д-р Вук Рајовиќ заедно со НТЦ Скопје кој се одржа во АМФ на Педагошкиот факултет;
- Соработници на завршна конференција на Еразмус+ проектот: ***Неформални партиципативни простори за училишно инклузивно учење***, во организација на ОУРЦ „ Др. Златан Сремец", одржана на 27. 2. 2024 на Педагошкиот факултет.

**Центри за професионален развој**

Со интенција да се активираат: центарот за перманентно образование, дидактичкио-методичкиот центар и центарот за научни истражувања, се формира комисија која интензивно работи на изработка на акциски план за заживување на центрите и можност за држење обуки кои ќе го унапредат професионалниот развој на наставниците и воспитувачите. На тој начин ќе се овозможи организирање и поттикнување на научно-истражувачка и апликативна дејност на кадарот со што ќе се обезбеди поголема видливост во заедницата и промовирање на доживотно образование.

## ФИНАНСИИ

**Плати**

Со цел да се усогласи одлуката за плати и надоместоци со Општиот колективен договор, интензивно се работеше на подготовка на нова Одлука за плати и надоместоци. Во транспарентна процедура, со спроведување на детална анализа на состојбите со вработениот наставен и административно-технички кадар и по имплементација на забелешките од страна на Комисијата за нормативна дејност од УКИМ , на седница на ННС се донесе новата Одлука за плати и надоместоци бр. 02-230/3 од 14.03.2024 година. Согласно со одлуката за плати и надоместоци, се започна со редовно доставување на исплатен лист за плата на месечно ниво, до секој вработен поединечно.

Во предметниот период опфатен со извештајот, исплатени се средства во вкупен износ од 599.994,00 денари од **сопствените приходи на факултетот за регрес за годишен одмор на сите вработени (К-15).**

**Приходи/расходи**

Приходите во буџетот на Педагошкиот факултет„Св.Климент Охридски" од Скопје, се структуирани на следниов начин:

- Приходи обезбедени од Министерството за образование и наука, проектирани за исплата на основниот дел на платата на вработените и дел за режиски трошоци;
- Сопствени приходи на факултетот (финснсиски средства обезбедени од спроведување на дејноста – реализација на настава од прв, втор, трет циклус и педагошка доквалификација);
- Приходи остварени од закупнини

Со оглед на тоа што извештајот опфаќа период од јуни 2023 до јуни 2024 година, споредбата на остварените приходи меѓу 2023 и 2024 година ќе може да се направи, дури по поднесувањето на завршната сметка за 2024 година.

**Донации**

Во опфатениот период со извештајот, деканската управа на факултетот успеа да обезбеди донации од домашни компании и меѓународни организации, со што ги валоризира напорите за унапредување и подигнување на квалитетот на наставната и научната дејност, како и промоција на факултетот во пошироката општествена заедница.

Со склучување на меморандум за соработка (25 август 2023 год) со **Мировниот Корпус на Соединетите Американски Држави во Македонија**, за спроведување на обуки на американските волонтери во дел од просториите на Педагошкиот факултет„ Св.Климент Охридски" од Скопје, беа уплатени 319.000 денари.

Соработката со Мировниот корпус на САД во Македонија продолжува во континуитет и во тек е подготовка на нов меморандум за соработка со почеток од септември 2024 година.

**Клириншката куќа на Македонија, КИБС АД, Скопје** донираше на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" од Скопје, функционална компјутерска опрема, и тоа:

**33 статични компјутери со монитори**

-Fujitsu Esprimo E920 - 5 парчиња

- Fujitsu Esprimo D956 - 14 парчиња

- Fujitsu Esprimo P900 - 1 парче

- Fujitsu Esprimo Q956 - 1 парче

- Fujitsu Celsium W520 - 12 парчиња

- Монитор Fujitsu P24W-7 - 11 парчиња

- Монитор Fujitsu P24W-6 - 19 парчиња

10 (десет) компјутерски станици беа со обезбедена основна инсталација на Microsoft Windows 10 . А сите компјутерски станици беа со нов маус и тастатура.

**Од КИБС беа донирани и следните принтери и скенери:**

- Мултифункционален принтер/скенер: Xerox Phaser 6500 - 2 парчиња

- Принтер: Xerox Work Centre 6505 - 1 парче

- Скенер: Fujitsu Fi-6110 - 2 парчиња

Со својата донација Клириншката куќа на Македонија помогна во премостувањето на предизвиците со застарената опрема што ја користеа поголемиот дел од вработените, а за некои работни позиции за првпат беше обезбеден компјутер. Деканската управа на Педагошкиот факултет, обезбеди инсталирање на останатите 23 компјутери од донацијата, со оперативен систем Windows 10 и основен софтвер за канцелариска работа: Microsoft Office,PDF прелистувач (избор: Adobe Reader) и Веб прелистувач (избор: Google Chrome).

**ТИКА** како долгогодишен донатор и поддржувач на работата на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" од Скопје, во предметниот период со донација обезбеди, кречење

(молерисување, интериерно бојадисување на големиот амфитеатар на факултетот и една голема предавална).

**НТЦ** – Рајко Рајовиќ склучи меморандум за соработка со Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" од Скопје за реализација на серија стручни предавања од познатиот невролог и педагог Рајко Рајовиќ, со што на факултетот му беа платени финансиски средства во износ од 22. 000, 00 денари и беше овозможено бесплатно учество на предавањата за сите вработени на факултетот.

Во предметниот период што го опфаќа овој извештај беше обезбедена донација од слатки производи од фабриката Европа за идните студенти на првиот академски час. Исто така обезбедивме и донација - кетеринг храна и пијалоци за присутните учесници на јавната трибина по повод патронот празник на факултетот. Донацијата ја обезбеди македонската компанија **„Вегера"** од Скопје. Трибината беше реализирана во Ректоратот на Универзитетот „ Св.Кирил и Методиј" по повод чествувањето на Св. Климент Охридски и на истата учествуваа: Министерот за образование и наука, Ректорот на универзитетот, претставници од другите универзитети, државни и локални институции, меѓународни и невладини организации, како и практичари од училишта и градинки.

**Јавни набавки**

Со цел стандардизација на процесите во спроведувањето на постапките за јавни набавки, беше изработен Протокол за јавни набавки, донесен од страна на деканската управа со арх. бр.02-240/4 од 12.03.2024 година.

Врз основа на анлиза на потребите за непречено извршување на дејноста на факултетот, усогласено со проектираните финансиски средства, беше изготвен годишниот план за јавни набавки за 2024 година, што согласно закон е објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки.Планираните јавни набавки се реализираат во предвидените периоди, согласно годишниот план, со што се обезбедува задржување на континуитетот во обезбедувањето на услови (потребни стоки и услуги) за реализација на дејноста.

Во периодот од јуни 2023 до јуни 2024 спроведени се во целост 13 јавни набавки, прикажани со извори на финансирање, ставки и исплати во табела 1.

Табела1

| **р.б.** | **Опис на јавна набавка** | **Извор на финан – с/ка (630, 631, 785, 787/788,786** | **Буџетска /Владина програма** | **Ставка** | **2023 исплат.** | **2024 Исплат.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Информатичка опрема | 788 | 41 | 480 | 44300 | |
| 2 | Средства за хигиена | 788 | 41 | 423 | 58836 | 62392 |
| 3 | Канцелариски материјали | 788 | 41 | 423 | 179873 | 63011 |
| 4 | Тонери за печатари | 788 | 41 | | 35297 | 13058 |
| 5 | Услуги за правно посредување (авторска агенција) | 788 | 41 | 425 | 16,740 | 11700 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Услуги за организирање на настани(конференции,семинари), фотографирање,хотелски сместувања и други услуги | 788 | 41 | 426 | | 14840 |
| 7 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 788 | 41 | 424 | | 45542 |
| 8 | Систематски и здравствено - хигиенски прегледи | 788 | 41 | 425 | | 56850 |
| 9 | Сметководствени и книговодствени услуги | 788 | 41 | 425 | 389,400 | 212400 |
| 10 | Печатарски услуги | 788 | 41 | 425 | 37,209 | 96850 |
| 11 | Услуги за огласување во дневен печат | 788 | 41 | 425 | 142,325 | 32830 |
| 12 | Реновирање на просториите на Службата за студентски прашања | 631.788 | 41 | 481 | | |
| 13 | Тековно одржување на зградата на Факултетот | 631.788 | 41 | 424 | 1,092,817 | 15802 |
| **ВКУПНО** | | | | | **2,067,094** | **625.275** |

**Тековно одржување**

Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" од Скопје, склучи договор со Факултетот за ликовна уметност и со Филозофскиот факултет за заедничко спроведување на постапка за обезбедување на осигурување на објектот. Спроведувач на постапката беше Педагошкиот факултет и за прв пат по долгогодишни неуспешни обиди за осигурување на објектот, целокупната **зграда е осигурана од пожар и некои други ризици**. Вкупниот износ на осигурувањето за период од една година,од јули 2024 до јули 2025 година, е **57.830** денари. За плаќање на осигурувањето ќе партиципираат трите факултети, процентуално согласно површината на просторот што го користат во објектот.

Активностите за тековно одржување на објектот се реализираат согласно приоритетите усогласени со расположливите финансиски средства предвидени во буџетот.

Во тек е реновирањето на просториите на Студентските прашања на факултетот, со што ќе се реши деценискиот проблем со состојбата во овие простории.

Реновирањето опфаќа, санација на оштетената канализациска и водоводна мрежа, парно греење, штеловање и поправка на прозорци, санација на под до основно ниво (подлога) и поставување на нов под, глетување и кречење, обновување на електрика, промена на мебел, надворешен пулт и натпис.

**Поддршка на наставно-научната дејност**

Во однос на финансиската поддршка на активностите поврзани со научно-истражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка за развој на науката и образованието, исплатени се 124.712,00 денари за котизации и 203.129,00 за патни трошоци, поврзани со учество на научни собири, односно вкупно се исплатени средства во износ од 327.841,00 денари.

Врз основа на двата конкурса за интерни научно-истражувачки проекти исплатени се за 2023год. - 600. 000,00 денари и за 2024год. - 300.000,00 денари или вкупно до сега се исплатени 900.000,00 денари.

**Студентски активности и организирање**

Согласно Законот за високото образование и Статутот на Факултетот, Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите, избрани на непосредни, фер и демократски избори по пат на тајно гласање, а кое се финансира со средства од самиот Факултет. Последните избори за нов состав на Факултетското собрание се реализирани на 4. 4. 2024 година, при што беше направен избор на претседател и 10 членови со мандат во траење од една година. За претседател на Факултетското студентско собрание е избрана Катерина Радеска. Ова тело се залага за заштита на правата на студентите, како и за нивно застапување и овозможување подобра комуникација меѓу студентите и Факултетот. Студентите на Педагошкиот факултет – Скопје се вклучени во работата на Факултетот, односно имаат свои претставници во Деканатската управа и во Наставно-научниот совет на Факултетот. Во Деканатската управа членува претседателот на Факултетското студентско собрание, додека во Наставно-научниот совет членуваат 6 претставници од Факултетското студентско собрание. Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии: во Дисциплинската комисија, во Комисијата за самоевалуација, во Советот за квалитет и др.

## ИДНИ ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во следниот период посебно внимание ќе биде насочено на развојот и унапредувањето на наставната и институционалната организација на Факултетот како клучен субјект во национални рамки, поконкретно преку:

- Развој и унапредување на образовните теории и практики врз основа на научно-истражувачка работа во оваа област;
- Континуирано унапредување на **квалитетот на студиските програми** кои ги нудиме на сите три степени на образование како и на квалитетот на наставата;
- Креирање на **нови современи студиски програми** преку анализа на потребите на образовниот систем во државата;
- Јакнење на нашето **институционално влијание** врз стратегијата за развој и унапредување на предучилишното и основното образование во Република Северна Македонија;

Факултетот ќе ја унапредува соработката со други факултети при УКИМ, други универзитети и факултети во државата и надвор од неа, невладини организации и здруженија, основни училишта, предучилишни установи и библиотеки со цел да ја усовршува наставната, научно-истражувачката и стручната работа. Целта на соработката особено со сродните факултети во земјава ќе има за цел да се усогласат ставовите за значајни прашања во сферата на предучилишното воспитание и примарното основно образование. Исто така ќе се засили соработката со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Факултетот треба да го потврди и унапреди својот авторитет во поглед на влијание и придонесување кон државнички одлуки поврзани со статусот на иницијалното образование на наставниците и воспитувачите како и воопшто со статусот на предучилишното воспитание и образование и примарното основно образование

во државата. Со изработкак и акредитирање на програми за стручно усовршување и перманентно образование, Факултетот треба да си го заземе местото кое му припаѓа и да стане главен центар за  стручно усовршување на наставниците и воспитувачите.

Декан на Педагошкиот факултет

„Св.Климент Охридски„- Скопје

Проф. д-р Билјана Камчевска